„Кој ќе изврши престап за кој е пропишана шеријатска казна, па биде казнет за тоа на дуњалукот – Аллах е по праведен за повторно да го казни за истото на Ахирет

Али, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе изврши престап за кој е пропишана шеријатска казна, па биде казнет за тоа на дуњалукот – Аллах е по праведен за повторно да го казни за истото на Ахирет. А оној што ќе направи престап, па Аллах го покрие и му прости – Аллах е по благороден за да го казни за нешто што веќе му го простил.“

[رواه الترمذي وابن ماجه] [حسن]

Пратеникот на Аллах, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека оној што ќе изврши грев за кој е пропишана шеријатска казна – како прељуба, кражба и слично – и биде казнет за тоа на дуњалукот, тогаш таа казна му го брише гревот и го ослободува од казна на Ахиретот. Затоа што, Аллах е по праведен и по милостив отколку да го казни Својот роб двапати за истото дело. А оној кого Аллах ќе го прекрие на дуњалукот и нема да биде казнет, па ќе му го прости и ќе премине преку гревот – Возвишениот е по племенит и по милостив отколку да го казни за грев кој веќе му го простил.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66211